**Известување за приватност на кандидати за вработување**

1. **Краток опис на процесот на обработка на личните податоци**

Селекција на кандидати за вработување во Либерти АД Скопје.

2. **Цел на ова известување за приватност**

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42 од 16.02.2020).

Информациите во ова Известување за приватност се согласно членовите 16 и 17 од Законот за заштита на личните податоци.

3. **Кој е Контролор?**

- Контролор е Либерти АД Скопје.
- За дополнителни информации за Либерти АД Скопје, посетете ја веб страната: https://libertysteelgroup.com/mk

4. **Кои лични податоци ви ги обработуваме и кој се има пристап до нив?**

Ние ви ги обработуваме оние лични податоци кои ги имате наведено во личната биографија што ни ја имате пратено преку e-mail адресата HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com
Ги обработуваме податоците кои што Ве идентификуваат и Вашите контакт податоци (име, презиме, националност, датум на раѓање, e-mail адреса, телефонски број).
Исто така, може да обработуваме и друга документација која би ни ја пратиле во прилог на личната биографија, како на пример мотивациско писмо, сертификати, препораки и слично.
*За одредени работни позиции, дефинирани со закон, можеме да обработуваме и податоци од казнена евиденција.*

До Вашите лични податоци пристап може да имаат:

- *Вработените во Службата за човечки ресурси одговорни за процедурата на избор на кандидати*

- *Одговорното лице на организациската единица.*

5. **Од каде ги добиваме Вашите лични податоци?**

При процесот на аплицирање за вработување, личните податоци кои што ги обработуваме ги добиваме преку самите кандидати кои што ги испраќаат своите лични биографии на емаил.

6. **Зошто ги обработуваме вашите лични податоци и врз која законска основа?**

Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат кој би ја пополнил отворената работна позиција.

Вашите лични податоци ги обработуваме како преддоговорна активност, односно законскиот основ за преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци пред негово пристапување кон договор (чл. 10 ст. 1 ал. 2 од Законот за заштита на личните податоци).

Личните податоци на неизбраните кандидати се чуваат во рок од 2 години со претходно дадена согласност од страна на кандидатите. Согласноста може да биде повлечена од страна на кандидатот во секое време преку испраќање на меил HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com или лично во просториите на Либерти Скопје. Пред да дадат согласност, кандидатите се информирани за начинот на обработка.

7. **Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Времето на чување на Вашите лични биографии е следно:

- За неизбраните кандидати – 2 години
- За избраните кандидати- во досие на вработени
- За кандидатите кои доставуваат лични биографии без распишан оглас – 2 години

8. **Кои се Вашите права во однос на личните податоци?**

Имате право да пристапите до личните податоци што ги обработуваме за Вас и до релевантни информации кои се однесуваат за тоа како ги обработуваме. Под одредени услови, имате право да побарате да ги избришеме вашите лични податоци или да се ограничи нивната обработка. Имате право, во било кое време, да приговорите на нашата обработка на Вашите лични податоци. Ние ќе го разгледаме Вашето Барање, ќе донесеме одлука и ќе Ве известиме за истата.

Вашето Барање може да го испратите до Либерти АД Скопје преку пошта во затворен плик или преку e-mail на адресата HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com

## 9. Право на жалба за начинот на обработка на Вашите лични податоци

Доколку имате некакви забелешки или жалби во врска со начинот на кој што ги обработуваме Вашите лични податоци, во секое време може да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци (податоците за контакт се дадени подолу во ова Известување).

Исто така, во секое време имате право да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци Почетна - Агенција за заштита на личните податоци (azlp.mk)

## 10. Контакт информации

Ве охрабруваме да нè контактирате за секое прашање или поплака која би ја имале во однос на тоа како ги обработуваме Вашите лични податоци.

Доколку сакате да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци, тоа може да го сторите преку e-mail адресата martin.lazarevski@infigo.is или преку пошта со назнака: до Офицер за заштита на личните податоци.

Поштенската адреса на Либерти АД Скопје е: ул. 16-та Македонска бригада бр.18, Гази Баба, 1000 Скопје.